УДК 930.85(=163.3:497.713)"18/19"(093)(049.3)
УДК 94(497.713)"18/19" (049.3)
DOI: https://www.doi.org/10.55302/PS23212340p

# БИЛЈАНА РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА, „МИЈАЧКО ПАПРАДИШКО-ОРЕШКО КУЛТУРНО БЛАГОТВОРНО ДРУШТВО " (Скопје, Институт за национална историја, 2023)

**Драгица Поповска**
*Институт за национална историја - Скопје*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*

# BILJANA RISTOVSKA-JOSIFOVSKA, "THE PAPRADISHTE-ORESHE MIJAK CULTURAL CHARITY SOCIETY" (Skopje, Institute of National History, 2023)

**Dragica Popovska**
*Institute for National History - Skopje*
*Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*

Содржината на книгата е изложена на 100 страници и таа претставува збир на необјавени документи, кои ја расветлуваат организацијата на конкретното друштво од неговото формирање во 1923 година, па сѐ до неговото згаснување во 1951 година. Дел од книгата е и поглавје, кое, врз основа на познати сведоштва досега од современици и други достапни извори дава податоци за членовите на друштвото, за нивното потекло, занимањата и сл. Во оваа смисла, посебно внимание авторката посветила на припадниците на семејството Чуповски, како важно за неа, не само од аспект на нивното значење и улога во самото друштво, туку и во контекст на продолжување на истражувањето и делото на нејзиниот татко академик Блаже Ристовски, кому оваа книга ја посветила.

Според изложениот материјал, конкретното друштво е формирано во Софија од страна на македонската емиграција, во време на особено сложени историски околности. Имајќи го предвид ова, немаме на располагање официјални податоци за политичкото дејствување на друштвото. Како човек, чиј фокус на интерес е културата и нејзините репрезентации, ќе се задржам на она што ми се наметна мене како

впечаток во текот на читањето и на размислувањето, по исчитување на целата содржина. Тоа е самиот наслов на книгата, односно името на конкретното друштво: „Мијачко папрадишко-орешко културно благотворно друштво“. Имено, најпрво се потенцира потеклото (Мијачко), а потоа (локалната припадност) – местото, каде што се родиле и од каде што доаѓаат членовите на друштвото (селата Папрадиште и Ораше, во Велешко, кои, патем речено, функционираат како еден вид „мијачки оази“ среде брсјачката пределска област. Значи името на друштвото е одредница со која, членовите ја покажуваат својата посебност како заедница, па во таа смисла градат концепт на „мијаштво“, како неизоставен дел во формирањето на друштвото. Чувањето на мијачкото наследство се нотира и преку документацијата, која открива дека за патронен празник го утврдуваат Петровден, кој секако бил важен ден за Мијаците, а посебен детаљ претставува и знамето на друштвото на кое се поставени слики од „мијак и мијачка во национални носии, фатени за рака, а над нив Св. Петар и Св. Богородица“. Ова јасно го покажува настојувањето на членовите на друштвото да го сочуваат сопственото културно наследство, како еден вид залог за опстанокот на генерацијата Мијаци во Софија, далеку од родните огништа – за да знаат кои се, што се, од каде се.

Уште еден интересен податок што го нотирав е членот 1 од Уставот на друштвото, каде што, покрај другото; се вели: „Се основа од Мијаците што живеат во гр. Софија од селата Папрадишта и Ораше – Велешко, Македонија и нивните зетови...“. Во моделот на ваквото здружување е видливо влијанието на патријахалната организација, каде што, преку чинот на кооптирање на *зетовите* во т.н. *мијаштво* се забележува желбата да се обезбеди „хомоген состав“, односно социјална, емотивна и културна поврзаност на сите членови на друштвото.

Уставот на Мијачко папрадишко-орашко културно благотворно друштво, кој датира од 1923 година и кој е дел од приложениот материјал на оваа книга, открива податоци, кои се однесуваат на: целта, средствата за реализација на целта и структурата на организацијата. Главно, целите се насочени кон обезбедување на сплотеност и солидарност меѓу конкретното население, кое живее во Софија, а со редовните свикувања на соборите, кои ги предвидуваат уставните одредби, покрај собирањето на средства, се добива впечаток дека се претендира на сплотување на папрадишко-орашката заедница во Софија, која била инклузивна и за емигранти, кои доаѓале од околните села во Велешко. Во оваа смисла, се истакнува потребата за култура, која, овде, е насочена кон друштвото како целина и кон неговите културни реципиенти.

Како и да е, документите што се изложени во книгата даваат релевантни податоци за различните фази на постоење на друштвото, кои се тесно поврзани со промените на бугарската државна политика кон ваквите здруженија бидејќи друштвото во тие рамки и функционира. Имено, 1923 година е годината кога друштвото се формирало, 1934 г., во согласност со новите закони, се пререгистрирало, а во 1951 година престанало неговото постоење официјално. Авторката проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, во овој контекст, ги презентира и нејзините размисли за можните причини за згаснување на друштвото, наспроти официјалнопласираните низ документацијата: „Во овие образложенија, а врз основа на сето претходно изложено, неточни се констатациите за непроменетото раководство од неговото образување, како и за самораспуштањето, спротивно од постојната документација, која сведочи за неговото континуирано опстојување и подоцна. Веројатна причина за овој акт е споменатата нова ситуација по 1944 година и новиот политички курс, а особено директивата за прекратување на сите македонски братства.“

Д-р Ристовска-Јосифовска, меѓу другото, прави осврт и на значајните личности, кои ги обединува ова друштво, посебно внимание посветувајќи на фамилиите Чуповци/Чупарови и Ќулавкови. Посебен мотив за авторката претставува „претпоставената можност тие да претставуваат врска во целокупната културно-национална дејност на Македонците емигранти во Бугарија и во Руската Империја.“ Во овој правец, таа ги анализира семејните и други врски меѓу различни членови, особено на семејството Чупарови, податоци собирани најмногу од академик Блаже Ристовски и соочувајќи ги со податоците од документите што ги објавува сега д-р Ристовска-Јосифовска, се обидува да даде согледба за целината на дејствувањето на македонската емиграција во почетокот на 20 век во Бугарија и во Руската Империја. Книгата е проследена и со фотодокументација, која дава визуелен приказ на одредени значајни личности во друштвото.

Оваа збирка документи, кои се изложени во книгата, претставува материјален, визуелен и автентичен отпечаток на времето во кое настанале тие. Книгата е работена според историографска методологија, која овозможува увид во работата или во организацијата на друштвото од историска перспектива, земајќи ги предвид промените, кои настануваат со текот на времето, што имлицира на јасната поврзаност на постоењето или на егзистенцијата на друштвото и на околностите во кои функционира тоа.

Во прашање е внимателно презентирана историја, со која, проф. д-р Б. Ристовска-Јосифовска, како искусен истражувач, дава

придонес во македонската историографија, збогатувајќи ја со непознати документи досега. Покрај тоа што книгата е интересна за истражувачите историчари, не предизвика помал интерес и кај социолозите, етнолозите, но и кај проучувачите на локалната историја и пошироко, кај љубителите на историјата.